Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 13/21-03
10. 11. 2021 год.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**Почитувани граѓани и даночни обврзници,**

**Со најновите измени во Законот за даноците на имот (Сл.весник на РМ бр.151/21), Ве известуваме дека**

**-Согласно член 3 точка 3 стапките на данокот на имот за земјоделско земјиште кое не се користи се зголемуваат три пати во однос на пропишаната стапка;**

**-Согласно член 3 точка 4 стапките на данокот на имот за другиот недвижен имот кој е во сопственост на државата или општините, како и во сопственост на физичките и правни лица а кој не се користи од сопственикот или не се издава под закуп подолго од шест месеци во текот на една година, се зголемуваат за три пати во однос на пропишаната стапка;**

**-Согласно член 3 точка 5 државата, општините, како и физичките и правни лица кои нема да пријават дека користат недвижен имот кој е во нивна сопственост, ќе платат данок по стапка пет пати повисока од пропишаната стапка.**

**Согласно Законот за даноци на имот, секој сопственик или корисник на недвижен имот е даночен обврзник и е должен да го пријави имотот.**

**За секоја настаната промена во недвижниот имот односно во податоците содржани во претходната пријава кои се од значително влијание на висината на даночната обврска обврзникот е должен да поднесе нова даночна пријава во рок од 15 дена од настанувањето на промената.**

**За секое неподнесување и неизвршување на обврските за поднесување на даночни пријави следуваат парични казни согласно Законот за даноците на имот.**

**Даночната пријава може да се поднесе во канцеларијата за едношалтерско работење при Општина Свети Николе, секој работен ден од 7.30 часот до 15.30 часот.**

**09.11.2021 година, Свети Николе**

Изработил: Надица Тодорова
Контролирал: Светлана Михаиловска
Одобрил: Кирил Макаровски

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**
**Дејан Владев**